Архивски број: 08-387/8

18-07-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-387/1 од 5.6.2023 година поднесена од [redacted] против Синдикатот за индустрија, енергетика и рударство на Македонија – СО при [redacted] Кичево и претседателот на Синдикалната организација [redacted] за извршена дискриминација врз основа на пол, во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации и други организации засновани на членство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 18.7.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на пол во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации и други организации засновани на членство од страна на Синдикатот за индустрија, енергетика и рударство на Македонија – СО при [redacted] Кичево и претседателот на Синдикалната организација [redacted] врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-387/1 од 5.6.2023 година, од [redacted], за сторена дискриминација врз основа на пол во областа на работата и работните односи, од страна на Синдикат на индустрија, енергетика и рударство на Македонија – Синдикална организација при [redacted] Осломеј и претседателот на СО – [redacted].

Согласно наводите од претставката, подносителот е член на Синдикалната организација на СИЕР – подружница Кичево. Во претставката е наведено дека на 3.3.2023 и 6.3.2023 година, во просториите на подружницата [redacted] Осломеј Кичево, на членките на СИЕР [redacted] и [redacted], им биле доделени ваучери во вредност од 2500 денари за маркетот ,,Друштво за производство, промет и услуги [redacted] Кичево". Притоа, истакнато е дека ваквите ваучери на членките им биле доделени од страна на потпретседателот на СО [redacted] врз основа на пол. Оттука, подносителот на претставката тврди дека тој и останатите членови на Синдикалната организација се дискриминирани согласно член 5 и 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација поради фактот што се мажи.

Согласно претходните наводи од претставката, подносителот во продолжение наведува дека заедно со останатите членови кои сметале дека се дискриминирани, поднеле барање до Синдикалната организација СИЕР – подружница Кичево, кое лично го примил претседателот на СО СИЕР при [redacted] Осломеј – [redacted] Подносителот истакнува дека во ваквото барање биле содржани 28 потписи на членовите на Синдикалната Организација кои барале еднаков третман со лицата од женски пол.

Во прилог на доуредувањето на претставката бр. 08 – 387/5 од 26.6.2023 година беше испратен и примерок од претходно споменатото барање до [redacted] – претседателот на

Синдикалната организација СИЕР при [redacted] Осломеј Кичево од страна на членовите на синдикатот од машки пол. Притоа, во истото беше истакнато барање до СО со цел да, во случај да има било каква исплата на парични средства, доделување на ваучери или било какви поволности за припадничките од женскиот пол по повод празникот 8-ми март, истите да ги добијат и останатите вработени – членови на СО, кои се од машки пол. Во ваквото барање образложуваат дека не се против овозможувањето на поволности за членовите во синдикатот, туку дека тие единствено бараат таквите поволности да се еднакви без разлика на полова, родова, етничка или било каква припадност. Во продолжение на барањето дополнително е наведено и дека при претходни барања за добивање на поволности, на подносителите им било одговорено дека е криза и дека има забрана од страна на ЕСМ за непотребно трошење на финансиски средства.

Подносителот на претставката, [redacted], наведува дека на 5.6.2023 побарал од претседателот на СО – [redacted], да му ја даде одлуката за доделување на ваучери на жените членки на СО, со образложение дека истата ќе ја приложи како доказ на претставката која ја поднел до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Притоа, подносителот тврди дека од страна на претседателот му било кажано дека таква одлука постои, меѓутоа истата не смеел да му ја даде. Оттука, подносителот на претставката бара од страна на Комисијата ваквата одлука, и дополнително изводите за префрлени средства за ваучери кон маркетот [redacted] Кичево, да бидат прибавени по службен пат.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 22.6.2023 година испрати Известување бр. 08-387/4 за произнесување по наводите од претставката до Синдикатот на индустрија, енергетика и рударство на Македонија – Синдикална Организација при [redacted] Осломеј Кичево и претседателот на Синдикалната организација [redacted]

На ден 5.7.2023 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Синдикалната организација при [redacted] Осломеј како одговор на претставката.

Од Синдикалната организација при [redacted] Осломеј во произнесувањето по претставката и нејзиното доуредување ги отфрлаат сите наводи за извршена дискриминација врз основ на пол. Имено, претседателот [redacted] тврди дека наводите во приложената претставка се неточни и невистинити, при што во продолжение истакнува дека сите членови на Синдикалната организација при [redacted] Осломеј имаат еднакви права без разлика на пол, вера или нација, и дека сите ги добиваат тие права и благодети од СО подеднакво согласно донесените одлуки од стана на Синдикалната организација на АД ЕСМ како нивен основач. На крај, во произнесувањето е наведено дека во согласност со претходно изнесеното се и издадените ваучери на членовите наведено во претставката по повод Меѓународниот ден на жената – 8ми март, акт кој Синдикалната Организација традиционално секоја година го практикувала како внимание и почит кон нејзините членови со цел означување на вековната борба на жената за родова еднаквост.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација врз основ на пол во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, од страна на Синдикатот за индустрија, енергетика и рударство на Македонија – Синдикална организација при [redacted] Осломеј и претседателот на СО [redacted] врз [redacted]

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Дополнително, член 7 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој уредува мерки и дејства кои не претставуваат дискриминација, гласи:

*,,Нема да се сметаат за дискриминација мерките и дејствата што се преземаат со единствена цел да се отстрани нееднаквото уживање на човековите права и слободи сѐ додека не се постигне фактичка еднаквост на лице или група, ако разликувањето е оправдано и објективно, а средствата за постигнување на таа цек се пропорционални, односно соодветни и неопходни."*

Согласно цитираното, постапувањето на Синдикалната организација при [redacted] Осломеј не претставува акт на дискриминација кој е преземен со цел спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредена група. Комисијата утврди дека издавањето на ваучери по повод Меѓународниот ден на жената претставува легитимна цел, при што употребените средства за истото се пропорционални и соодветни. Оттука, во конкретниот случај, Комисијата не пронајде факти и околности кои упатуваат на сторена дискриминација врз основа на полот на подносителот на претставката.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
18.7.2023

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk